

*Јавна дебата во хотелот "Китка" во Ресен*

# СТОП ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА НА НЕМНОЗИНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО ДРЖАВАТА

На јавната дебата во петокот во Ресен, која беше дел од проектот "Живеење во мултиетничка средина - граѓани со еднакви можности и заштита" и во која активно учество зедоа правни експерти, експерти за човекови права, претставници од невладините организации од општините Битола и Ресен, се дискутираше за правата на немнозинските етнички заедници и дискриминацијата која е се поприсутна кога станува збор за нивната застапеност во општеството и проблемите со кои константно се соочуваат.

Целта на проектот е да се зајакне капацитетот за лобирање и застапување кај немнозинските етнички заедници во заштитата на нивните права, и воедно да се зголеми нивото на сензитивност и подигнување на јавната свест за правата на малцинствата и воведување на европски стандарди.

Претставници од ромската и турската заедница од општините Битола и Ресен, ги искажаа најчестите проблеми и непријатните ситуации со кои најчесто се соочуваат и се изложени припадниците на овие етнички заедници.

Претставникот на невладината организација "Сонце" од Битола, **Ерџан Касум** истакна дека дискриминацијата кај Ромите во Општина Битола може да се забележи на секој чекор. Во јавната администрација, во образовните институции, при постапката за вработување и кога станува збор за кафулињата во градот.

-И при барање на некој основен документ, Ромите се навредувани и дискриминирани од страна на административните работници. За процентот на вработеност кај ромското население, доволно зборува податокот дека само еден Ром е вработен во Центарот за социјални работи. Секогаш кога се во предизборна кампања, политичарите ни ветуваат се и сешто, а потоа не заборараваат - истакна Касум.

Речиси идентична е и состојбата со која се соочува турската заедница во земјава.

-Повеќе од 10 отсто во Општината Ресен, се Турци. Бројката на етнички Турци кои живеат во Општината Ресен е намален, како последица на иселувањето на Турците во скандинавските земји. Во Советот на Општината Ресен има еден советник од турската заедница, а во раководните функции застапеноста е минимална. Но, Турците во Општината Ресен ги имаат најдобрите услови споредбено со останатите градови во државата. Општината Ресен е симбол и пример за меѓуетничкиот соживот во Република Македонија, за разлика од состојбата во другите градови поради која на индиректен начин се јавува сомнежот дека во државните институции, нема место за припадниците на турската заедница. Речиси во сите министерства, судската власт, јавната администрација, Турците се застапени под 1 отсто. Неопходен е мулти културен развој на државата, посочи **Џемал Мехмед**, претседател на Здружението за образование, уметност, култура и спорт "Нијази Беј" од Ресен.

**Лилјана Илиевска**, заменик народен правобранител од Битола, во својата дискусија образложи дека во Република Македонија се уште не постои посебен Закон за забрана на дискриминацијата, туку само некои одредби кои се дел од некои закони кои не даваат јасна и прецизна слика.

-Недостигот од законска регулатива претставува пречка за остварување на правата на граѓаните и токму поради тоа народниот правобрнител во своите годишни извештаи кои ги доставува до Собранието на РМ, постојано бара од надлежните органи под итно да биде донесен закон за забрана на дискриминацијата, но за жал тој закон се уште не е донесен - истакна Илиевска.

Четвртата по ред јавна дебата во Ресен се реализира со финансиска поддршка од Европската комисија и Фондацијата Институт отворено општество - Македонија (ФИООМ), во соработка со Центарот за поддршка на заедницата од Ресен.

*В.М.Мл.*